# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТОТ ДРЖАВНО СМЕТОКОВОДСТВО И СМЕТКОВОДСТВО НА НЕПРОФИТНИ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО ПРИЛЕП

Врз основа на чл. 140 од Законот за високото образование, Наставно-научниот совет на седницата одржана на ден 27.05.2008 год., со одлука бр.02-1195/1 формира Рецензентска комисија за избор на наставник по предметот државно сметководство и сметководство на непрофитни организации, во состав:

1. **д-р Здравко Здравкоски, редовен проф. на Економскиот факултет – Прилеп (во пензија)**
2. **д-р Гордана Трајкоска, редовен професор на Економскиот факултет – Прилеп и**
3. **д-р Борка Соколоски, редовен професор на Економскиот факултет-Прилеп**

По разгледувањето на поднесените материјали, Комисијата го поднесува следниов:

# И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот конкурс, објавен во весникот "Утрински весник" од 19.03.2008 година за избор на наставник по предметот **државно сметководство и сметководство на непрофитни организации** во предвидениот рок се пријави само кандидатката, д-р Сузана Талеска, редовен професор по предметите финансиско сметководство, принципи и организација на сметководството и државно сметководство и сметководство на непрофитни организации на Економскиот факултет во Прилеп.

Врз основа на чл. 140 од Законот за високото образование и условите за конкурирање, што беа наведени во распишаниот конкурс, Рецензентската комисија ја разгледа пријавата, со сите потребни прилози, поднесена од кандидатот, д-р Сузана Талеска.

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Име и презиме: **д-р Сузана Талеска**

Датума и место на раѓање: **01. април 1957 год., во Прилеп, Р. Македонија**

Адреса: **ул. "Пане Талески" бр. 10, Прилеп**

Образование:

дипломиран економист, Економски факултет – Прилеп, Универзитет "Св. Климент Охридски" – Битола, 1979 год.

постдипломски студии, магистер по економски науки, Економски факултет – Прилеп, Универзитет "Св. Климент Охридски" Битола, 1988 год.

доктор на економски науки, Економски факултет – Прилеп, Универзитет "Св. Климент Охридски" – Битола, 1995 год.

Професионален ангажман:

редовен професор по предметите финансиско сметководство, финансиско сметководство I, финансиско сметководство II и државно сметководство и сметководство на непрофитни организации на Економскиот факултет – Прилеп, Универзитет "Св. Климент Охридски" - Битола.

Области на професионален интерес:

сметководство, финансиско сметководство, трошоци, цени, финансиски резултати.

Кандидатката д-р Сузана Талеска е родена на 01.04.1957 год. во Прилеп.
Своето школување го започнува во Прилеп каде што со одличен успех го
завршува основното и економското училиште. Во учебната 1975/76 год. се
запишува, како редовен студент, на Ековомскиот факултет – Прилеп. За време на
студирањето редовно постигнува висок просек во студиските години. Во
согласност со континуираната активност и покажаниот успех во студирањето, С.
Талеска се здобива со право за полагање испити пред завршувањето на
пропишаните семестри. На десетгодишнината од постоењето на Економскиот
факултет во Прилеп таа добива посебна диплома за одлично завршени студии.
Економскиот факултет во Прилеп го завршува во 1979 год., а од 01.10.198
год. таа се вработува на истиот Факултет, како помлад асистент по група
сметководствени предмети. Покрај тоа, Талеска е вклучена во изведувањето
вежби по основи на книговодство и применето сметководство со сметководствени
информации, а еден период таа одржувала вежби и по предметот методи на
пресметка на производството.
Повеќе години била секретар на Катедрата за економско - финансиски
предмети, а сега е секретар на Катедрата за сметководство, финансии и ревизија.
Во 1982 год. се запишува на постдипломските студии на Економскиот
факултет во Прилеп, на студиумот Деловни финансии во здружен труд, а на
01.02.1988 год. успешно ја одбранува магистерската работа на тема: "Проблеми н
финансискиот резултат во ОЗТ во инфлаторни услови на стопанисување" и с
здобива со звањето магистер по економски науки.
Покрај покажаната активност и трудољубивост на полето на наставн
образовниот процес, С. Талеска покажува особен интерес за своето перманентн
научно и стручно усовршување, и тоа како од областа од нејзината доктор
дисертација, така и од научните области на сметководството и финансиите.

Со одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Прилеп од 12.01.1992 год. Сузана Талеска добива подобност за изработка на докторска дисертација под наслов:"Пробеми на управување и распоредување на финансискиот резултат во акционерските друштва".

На 4 декември 1995 година успешно ја одбранува докторската дисертација, со што се стекнува со научен степен доктор по економски науки.

Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Прилеп, на седницата одржана на 21.02.1996 год., ја избира за наставник по предметот применето сметководство со сметководствени информации, во звање доцент.

Наставно-научниот совет на Економскиот факултет – Прилеп, на седницата одржана на ден 21.02.2001 год., ја избира за наставник по предметот применето сметководство, во звање вонреден професор.

Наставно – научниот совет на Економскиот факултет – Прилеп, на седницата одржана на 28.11.2001 год., ја избира за наставник по предметот *финансиско сметководство I,* во звање вонреден професор.

На седницата на Наставно – научниот совет на Економскиот факултет – Прилеп, одржана на 14.06.2002 год., е избрана за наставник по предметот *финансиско сметководство II* во звање вонреден професор.

На седницата на Наставно – научниот совет на Економскиот факултет – Прилеп, одржана на 24.09.2001 год., е избрана за член на Сенатот на Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола.

Наставно - научниот совет на Економскиот факултет - Прилеп, на седницата одржана на ден 14.12.2002 год., ја избира за наставник на последипломските студии *Деловни финансии во претпријатијата* по предметот *теорија на финансискиот резултат.*

На седницата на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет - Прилеп, одржана на ден 14.12.2002 година, е избрана за наставник на последипломските студии по *Бизнис администрација - МБА менаџмент* по предметот *напредно финансиско сметководство.*

Факултетската управа, на седницата одржана на ден 17.10.2002 година, донесе одлука за согласност С. Талеска да биде ангажирана за наставник по предметот *сметководство* на Интеруниверзитетските студии за јавна администрација на Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола.

На 19.05.2003 година Министерството за финансии на Република Македонија и издаде уверение со коешто се стекна со звањето *овластен ревизор.*

На 27.06.2003 год. со одлука на ДНУ – Прилеп, проф. д-р Сузана Талеска е избрана за редовен член Друштвото за наука и уметност – Прилеп.

На седницата на Наставно – научниот совет на Економскиот факултет – Прилеп, одржана на 12.09.2003 год., таа е избрана за наставник по предметот *државно сметководство и сметководство на непрофитни организации* во звање вонреден професор.

Во март 2006 год. е избрана за секретар на последипломскиот студиум по Бизнис администрација-МБА менаџмент.

На седницата на Наставно – научниот совет на Економскиот факултет – Прилеп, одржана на 07.06.2006 год., таа е избрана за наставник по предметот *финансиско сметководство,* во звање редовен професор.

## 2. НАСТАВНО – НАУЧНА И СТРУЧНА АКТИВНОСТ

Во досегашниот период д-р Сузана Талеска, ред. професор е вклучена во научната и стручната дејност на Економскиот факултет во Прилеп, а е ангажирана и во извршувањето на повеќе наставни и научноистражувачки активности. Како асистент, подоцна како доцент, вонреден и редовен професор успешно ги извршува поставените задачи во врска со изведувањето на вежбите и наставата по предметот на којшто е избрана. Покрај тоа, таа покажува особен интерес за перманентно научно и стручно усовршување, што се потврдува и со објавените трудови од коишто ги наведуваме следниве:

I. Партиципација на меѓународни симпозиуми и конференции

1. "Современи видувања на проблемите на сметководствениот систем", Меѓународна конференција "Претприемаштвото - теорија и практика", Благоевград - Р. Бугарија, 16-17 јуни 1994 година;
2. "Сметководството на менаџментот и следење и контролата на трошоците", IX меѓународен симпозиум "Сметководствената, финансиската и ревизорската професија во функција на ефикасна реализација на сметководствениот систем во Р.Македонија", Струга, октомври 1997 година;
3. "Контрола на финансискиот резултат во претпријатијата преку финансискиот извештај (биланс на успехот)", Меѓународен симпозиум "Проблеми на финансиската контрола и усовршување на системот на контрола во услови на пазарна економија", Благоевград - Р. Бугарија, 15-16 јануари 1998 година;
4. "Нова содржина на финансиското сметководство како потсистем на сметководствениот информативен систем", X меѓународен симпозиум "Сметководствениот и финансискиот систем на Р. Македонија во концепциската рамка на меѓународните сметководствени и ревизорски стандарди", Струга, ноември 1998 година;
5. "Финансиското сметководство во концепциската рамка на меѓународните сметководствени стандарди во замјите од Југоисточна Европа", Меѓународен научен симпозиум "Алтернативи на развојот: економските и социјалните аспекти на промените во земјите на Југоисточна Европа", Економски факултет Прилеп - Молика, декември 1998 година;
6. "Сметководството на менаџментот на претпријатијата во функција на деловното одлучување", Меѓународен симпозиум "Економски аспекти на туризмот", Охрид, октомври 1999 година;
7. "Финансиските извештаи како основен извор на информации за донесување деловни одлуки", XI меѓународен симпозиум "Сметководствената и ревизорската професија во Р. Македонија во современо економско опкружување", Струга, ноември 1999 година;
8. "Примената на меѓусекторските модели во организацијата на туризмот", Меѓународен симпозиум "Економски аспекти на туризмот", Охрид, октомври 1999 година (во коавторство);

9. "**Financial statement as a fundament for creating real decisions in the business decision process**", II меѓународна конференција "Ekonomija i ekologija u finkciji razvoja turizma", Опатија, октомври 1999 година;
10. "**Улогата на ревизорите во откривањето на измамите и грешките во финансиските извештаи на претпријатијата - клиенти**", XII меѓународен симпозиум "Сметководствената, финансиската и ревизорската професија пред нови предизвици во 21$^{от}$ век", Струга, октомври 2000 година;
11. "**Општеприхваќена начела за проценување и Меѓународни рачуноводствени стандарди**", XXXI симпозиум "Примена рачуноводствених и стандарда ревизија у нашој земљи", Златибор, мај 2000 година;
12. "**Квалитетот на финансиските извештаи - современа информациона основа за управување со претпријатијата**", Меѓународна конференција "Со деловна совршеност кон меѓународна конкурентност", МАЗУК, Охрид, ноември 2000 година;
13. "**Влијанието на квалитетот на информационите системи врз квалитетот на практичниот менаџмент**", Меѓународна конференција "Со деловна совршеност кон меѓународна конкурентност", МАЗУК, Охрид, ноември 2000 година, (во коавторство);
14. "**Примената на Меѓународните сметководствени стандарди во функција на квалитетот на финансиското известување на претпријатијата во Р. Македонија**", Меѓународна конференција "Економски аспекти на управување со квалитетот", Економски факултет Скопје, ноември 2000 година;
15. "**Менаџмент контролата во функција на квалитетот на информационите системи**", Меѓународна конференција "Економски аспекти на управување со квалитетот", Економски факултет Скопје, ноември 2000 година, (во коавторство);
16. "**Optimization of Linear Dynamic Systems with Automatically Controlled Linear**" AD 2000 - From Simulation to Optimization, Sophia Antipolis, Франција, јуни 2000 година (во коавторство).
17. "**Analysis of the Local Stability with a linearization of the nonlinear differential equation's system**", International Conference on Complex Analysis "Differential Equations and related topics", Уфа - Русија, мај 2000 година (во коавторство);
18. "**Mathematical models for determination of optimum series in industrial enterprises with serial production**", Siberian Conference on Discrete, Analysis and Operations Research (DAOR 2000) (во коавторство);
19. "**The use of the Matrix Algebra in Solving the Problems of the Inter - Sectoral Analysis**", Second Conference on Numerical Analysis and Applications, Русе - Р.Бугарија, јуни 2000 година (во коавторство);
20. "**Актуелни состојби во сметководствениот систем во Р.Македонија во контекст на стандардизација на сметководствената практика**", Меѓународен симпозиум "Современите процеси на економскиот развој во земјите од Југоисточна Европа", **Економски факултет Прилеп**, декември 2000 година;
21. "Мерење на големината на туризмот и неговото учество во економијата", во коавторство со доц. д-р Маргарита Јанеска, III

меѓународна конференција "Мултипликативни ефекти на развојот на туризмот", Факултет за туризам и угостителство, Охрид, 2001 година;

22. **"Финансиските извештаи – информациска основа за управување на менаџментот со туристичките организации"**, во коавторство со доц. д-р Маргарита Јанеска, III меѓународна конференција "Мултипликативни ефекти на развојот на туризмот", Факултет за туризам и угостителство, Охрид, 2001 година;
23. **"Хармонизацијата на сметководствените системи – услов за социоекономски развој на земјите од Југоисточна Европа"**, во коавторство со доц. д-р Маргарита Јанеска, Меѓународна научна конференција "Социално-икономически проблеми на евроинтеграцијата на Бугарија (регионални аспекти), Икономически факултет, Благоевград, 2001 година;
24. **"Стратегија на претпријатието"**, во коавторство, II годишна конференција, МАМ, Стопанска комора, Скопје, 2001 година;
25. **"Природа и значење на стратешкото планирање"**, во коавторство, II годишна конференција, МАМ, Стопанска комора, Скопје, 2001 година;
26. **"Системите за поддршка на одлучувањето во функција на менаџментот"**, во коавторство, II годишна конференција, МАМ, Стопанска комора, Скопје, 2001 година;
27. **"Acounting Informative System In Function of Management Enterprises"**, во коавторство, Scientific Conference "The Economy at the beginning of the Millennium, Oradea, Romania, 2001;
28. **"Information Systems For Strategic Advantage"**, во коавторство, Scientific Conference "The Economy at the beginning of the Millennium, Oradea, Romania, 2001;
29. **"The Enterprise Strategy In Function of The Marketing Environment"**, во коавторство, Scientific Conference "The Economy at the beginning of the Millennium, Oradea, Romania, 2001;
30. **"Концептот на бенчмаркингот во функција на подобрување на процесите"**, во коавторство, Меѓународна конференција "Континуирано подобрување на процесите", МАЗУК, Стопанска комора, 2001;
31. **"Избор на стратегија за определување на информациските потреби за функција на TQM"**, во коавторство, Меѓународна конференција "Континуирано подобрување на процесите", МАЗУК, Стопанска комора, 2001;
32. **"Поим, причина и карактеристики на развојната политика"**, во коавторство, Меѓународна конференција "Континуирано подобрување на процесите", МАЗУК, Стопанска комора, 2001;
33. **"Стратегија развоја компанија помоќу споја КФУ-КРУ (Критични фактори успеха-Критични ресурси успеха)"**, во коавторство, Меѓународна конференција "Глобализација и транзициони процеси", Економски факултет, Ниш, 2001;
34. **"Чиниоци који утичу на избор начина уласка на интернационалне тржишта"**, во коавторство, Меѓународна конференција "Глобализација и транзициони процеси", Економски факултет, Ниш, 2001;
35. **"Анализа финансијских извештаја у функцији ефикасног управљања менаџментом у трговским друштвама"**, во коавторство, Меѓународна конференција "Глобализација и транзициони процеси", Економски факултет, Ниш, 2001;

36. "Финансиските извештаи - информациска база за донесување деловни одлуки", во коавторство, Меѓународна конференција "Статистиката во функција на креирање на економската политика и економскиот развој на регионот на Југоисточна Европа", Скопје, октомври 2001;
37. "Валидацијата на моделите во функција на квалитетот на симулацијата и моделирањето", во коавторство, Меѓународна конференција "Статистиката во функција на креирање на економската политика и економскиот развој на регионот на Југоисточна Европа", Скопје, октомври 2001;
38. "Имплементацијата на бенчмаркингот во стратешките процеси на организацијата", во коавтортсво, Меѓународна конференција "Економските проблеми на земјите во транзиција", Благоевград, Р. Бугарија, октомври 2001;
39. **"Management control of information system in period of transition"**, во коавтортсво, Меѓународна конференција "Економските проблеми на земјите во транзиција", Благоевград, Р. Бугарија, октомври 2001;
40. **"Uloga i značaj malih preduzeca u zemljama u tranziciju"**, Međunarodni naučni skup "Privatizacija u procesu tranzicije", Niš, oktomvri 2002.
41. **"Benchmarking – a chalange of the managing accountancy"**, 13th National Conference with International Participation "QUALITY-FOR BETTER LIFE '2002", Sofia, Bulgaria, november 2002.
42. **"Фазите на бенчмаркингот – насоки за негова успешна имплементација во стопанството"**, Меѓународна годишна конференција "Нови времиња, нови квалитети, нови хоризонти", Охрид, ноември 2002.
43. **"Стандардизација на сметководственото комуницирање во современи услови на стопанисување"**, XIII меѓународен симпозиум "Сметководствен и финансиски менаџмент во услови на стандардизација и економска глобализација", Струга, декември 2002 година.
44. **"Сметководствени рефлексии во работењето на осигурителните компании во услови на глобализација"**, VII меѓународен симпозиум "Туризмот и осигурувањето во современите општествено-економски услови", Охрид, мај, 2003.
45. **"Рачунарска подршка процесу доношења одлука у предузећима"**, Други балкански форум "Рурални туризам и одрживи развој Балкана", Крагуевац, мај, 2003.
46. **"Перспективи на хармонизацијата на сметководствената практика во меѓународни размери"**, Меѓународен симпозиум "Регионалната соработка и економскиот развој", Економски факултет, Прилеп, јуни, 2003 година.
47. **"Меѓународните ревизорски стандарди у контексту процеса регионалне сарадње и развоја"**, Меѓународна научна конференција "Предизвиците на глобализацијата", Економски факултет, Ниш, Србија и Црна Гора, октомври 2003;
48. **"Меѓународните сметководствени стандарди во функција на квалитетот на финансиското известување во трговските друштва во Р. Македонија,** 14th National Conference with International Participation "Quality - for better life '2003", Софија, Бугарија, новембер 2003;
49. **"Квалитетот на финансиското известување во трговските друштва во согласност со меѓународните сметководствени стандарди"**, Годишно

советување 2004 "Квалитет – основа за унапредување на бизнисот" МАЗУК, Охрид, мај 2004;

50. "Менаџерското сметководство и процесот на управување", Меѓународна научна конференција "Managemet challenges in new conditions", Економски факултет, Ниш, Србија и Црна Гора, октомври 2004;
51. "Методи управљачког рачуноводство за одржавање конкурентске предности и условима глобализација бизниса", Меѓународна научна конференција "Integration processes in Europe", Економски факултет - Ниш, Србија и Црна Гора, октомври 2005;
52. "Политиката на добивката – како мултифункционален инструмент за конкурентско позиционирање на меѓународниот пазар", Меѓународна научна конференција "Предизвиците на новата економија, Економски факултет – Прилеп, Охрид, октомври 2005;
53. "Стандардизацијата на сметководственото комуницирање во услови на глобализација на бизнисот", Меѓународна научна конференција "Бизнисот и глобализацијата", Економски факултет, Прилеп, Охрид, октомври 2007 год.

II. Објавени научно-стручни трудови во различни научни и стручни списанија

1. "Проблеми на утврдување и распоредување на финансискиот резултат во акционерските друштва", докторска дисертација, одбранета на 04.12.1995 година на Економскиот факултет - Прилеп;
2. "Проблеми на финансискиот резултат во ОЗТ во инфлаторни услови на стопанисување", магистерски труд, одбранет на 01.02.1988 година на Економскиот факултет Прилеп;
3. "Теоретски аспекти на поимот, функциите и организационата поставеност на финансиската функција", Годишник на Економскиот факултет - Прилеп, 1983 година;
4. "Економски и институционални аспекти на обртните средства", Годишник на Економскиот факултет - Прилеп, 1985 година;
5. "Инфлацијата како економско-финансиски феномен", Годишник на Економскиот факултет - Прилеп, 1987 година;
6. "Третман и стојалиштата за финансискиот резултат во современата теорија", Годишник на Економскиот факултет - Прилеп, 1991 година;
7. "Теоретски и институционални основи за развој на акционерството во Р. Македонија", Годишник на Економскиот факултет - Прилеп, 1992 година;
8. "Сметководствениот систем во функција на рационално работење на стопанските субјекти во современи пазарни услови на работење", Годишник на Економскиот факултет - Прилеп, 1995 година;
9. "Сметководствено-пресметковни аспекти на следење и контрола на трошоците", Годишник на Економски факултет - Прилеп, 1996 година;
10. "Сметководството на менаџментот во функција на менаџерскиот процес", Годишник на Економскиот факултет - Прилеп, 1997 година;
11. "Билансот на успехот како инструмент за финансиска контрола во претпријатието", Годишник на Економски факултет - Прилеп, 1998 година;

12. "Менаџмент заснован на активности", Годишник на Економски факултет - Прилеп, 1999 година;
13. "Управување со малосериското производство - насока за развој на индустријата во Р.Македонија", Годишник на Економски факултет - Прилеп, 1999 година (во коавторство);
14. "Утврдување на залихите според критериумите на меѓународните сметководствени стандарди", Р.Бугарија, 2000 година;
15. "Математички модели за определување на односот инфлација - невработеност", Р.Бугарија, 2000 година;
16. "Критички осврт на билансните шеми во Р.Македонија од аспект на нивната усогласеност со МСС", Годишник на Факултетот за туризам и угостителство Охрид, 2000 година;
17. "Економетриски модел за предвидување на туристичката потрошувачка", Годишник на Факултетот за туризам и угостителство, Охрид, 2000 година, (во коавторство);
18. "Сметководствениот информационен систем во функција на управувањето со претпријатијата", ДНУ Прилеп, Зборник на трудови, 2000 година.
19. "Неминовен процес на стандардизација", Економски магазин - Скопје бр.178, 1 октомври 2000 година;
20. "Стратегиски менаџмент информационен систем – пресуден фактор за стекнување конкурентска предност", во коавторство со доц. д-р Маргарита Јанеска, Економски магазин-Скопје, бр.181, 15 ноември 2000 година;
21. "Сметководствено комуницирање во услови на стандардизација и глобализација", Годишник на Економскиот факултет-Прилеп, 2001.
22. "Улогата на меѓународните сметководствени стандарди во унапредувањето и хармонизирањето на финансиските извештаи", ДНУ Прилеп, Зборник на трудови, 2003 година.
23. "Готовината и извештајот за готовинските текови во претпријатијата – современ приод", во коавторство, ДНУ Прилеп, Зборник на трудови, 2004 година.

## III Објавено учебно помагало

1. "Сметковен план", Економски факултет, Прилеп, 2006 год.

## IV Останати активности

1. рецензент на научниот труд "Аналитички аспекти на пресметковниот систем за трговските друштва", во издание на Економски факултет Прилеп, од авторите д-р Здравко Здравкоски, д-р Бранко Трајкоски и д-р Благоја Ацески, Прилеп, 2000 година;
2. член на Научниот одбор на Меѓународниот симпозиум "Современите процеси на економскиот развој во земјите од Југоисточна Европа", во организација на Економскиот факултет - Прилеп, декември 2000 година;
3. јавен настап на тема "Имплементација на МСС1 - Презентација на финансиските извештаи", пред Здружението на финансиските

работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија, Молика декември, 1998 година;

4. одржани предавања во рамките на Проектот за развој на сметководството, (финансиран од УСАИД), од областа на МСС, МРС и менаџерско сметководство во текот на 1998, 1999 и 2000 година, по следниве теми:
   - МСС1 (ревидиран) - Презентација на финансиските извештаи
   - МСС38 - Нематеријални средства
   - МРС (200 - 299) - Одговорности
   - Менаџмент врз основа на активности;
5. работна посета на Универзитетот за Национално и светско стопанство во Р.Бугарија во периодот 24-29 јануари 2000 година;
6. рецезент на трудот "Збирка на задачи по сметководство" во издание на Економски факултет - Прилеп, од авторот дипл. ек. Игор Здравкоски - пом. асист. на Економскиот факултет - Прилеп, (во печат);
7. член во Комисија за оценка на докторска дисертација;
8. член во Комисија за подобност на кандидат за изработка на магистерски труд;
9. учество во работен тим за организирање проект за соработка со стопанството, според одлука на Факултетската управа на Економскиот факултет – Прилеп, на седницата одржана на ден 09.05.2003 год.;
10. член на Македонското здружение за унапредување на квалитетот (МАЗУК);
11. рецензент на научниот труд "Сметковен план за трговските друштва – аналитика и апликација", во издание на Економски факултет Прилеп, од авторот м-р Игор Здравкоски, Прилеп, 2005 година.

## 3. КОНСТАТАЦИЈА И ПРЕДЛОГ

Врз основа на биографските податоци и наставно – научната активност на кандидатката, д-р Сузана Талеска, редовен професор, Комисијата го констатира следново:

1. се работи за солидна и трудољубива кандидатка којашто, со покажаните резултати уште од дипломските, постдипломските студии, изработката на магистерскиот труд и докторската дисертација, се определила за универзитетски научен работник;
2. научните и стручните трудови се одликуваат со систематичност, селективност, прецизност во излагањето, што е мошне значајно за еден научен универзитетски работник.

Анализирајќи ги приложените трудови, слободно може да се констатира дека С. Талеска пројавува особен интерес за сметководствената проблематика на деловните субјекти, односно трошоците, цените, финансискиот резултат, финансиската структура, капиталот, распределбата, сметководствената поставка, сметководствените информации, меѓународните сметководствени стандарди и сл. Според ова, приложените трудови на кандидатката директно се поврзани со предметот за којшто конкурира. Врз основа на ваквата карактеристика на трудовите, слободно може да се каже дека д-р Сузана Талеска, како научен

работник, значително придонесла за продолабочување и развивање на сметководствената научна мисла во нашата Република.

Научноистражувачката дејност на С. Талеска е континуирана, а тоа се потврдува со фактот што таа постојано е активна и зема учество во научни собири, објавува трудови, учествува во изработката на научноистражувачки проекти и сл.;

3. Наставно-педагошката активност на кандидатката, С. Талеска, исто така, е за одбележување. Имено, таа редовно, педантно и коректно ги исполнува наставно – педагошките обврски и коректно соработува со другите наставници и соработници;
4. Имајќи ја предвид обемната научна, стручна и наставно – педагошката активност на кандидатката, Рецензентската комисија е едногласна во оценката дека д-р Сузана Талеска ги исполнува сите законски услови предвидени со Законот за високото образование и токму затоа има чест на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Прилеп да му предложи д-р Сузана Талеска да ја избере за наставник по предметот државно сметководство и сметководство на непрофитни организации во звање *редовен* професор.

Лектура,
Анкица Стојаноска

**Членови на Рецензентската комисија:**

1. д-р Здравко Здравкоски, ред. проф. на ЕФ-Прилеп (во пензија) с.р.

2. д-р Гордана Трајкоска, ред. проф.на ЕФ-Прилеп с.р.

3. д-р Борка Соколоски, ред. проф. на ЕФ – Прилеп с.р.